Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - Охрид

Бр. 01-317/2
31.07. 2025 год.

# Извештај

Од самоевалуацијата на ООУ „св. Климент Охридски " Охрид период 2022/2024.

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" 161/19, 229/20, 3/25 година ) општинското основно училиште „Св. Климент Охридски" Охрид изврши самоевалуација на работата на училиштето за период 2022/2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, училишниот одбор на својата седница одржана на 03.10.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Мира Смаќоска Танеска
Марина Димоска
Валентина Кузманоска
Маја Маленко
Галина Малезаноска
Катерина Кузеска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од ноември 2024 до март 2025 година . За нејзино успешно спроведување, комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуација , односно:

| Подрачје: | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Маја Маленко<br>2. Андријана Стефаноска<br>3. Елена Арсовска Манчевска<br>4. Ленче Лабоска<br>5. Наташа Танеска<br>6. Нине Симоновска<br>7. Трена Чаковска<br>8. Весна Кајмаковска<br>9. Александра Аслимоска<br>10.Билјана Шуминоска<br>11. Златко Пуцоски |
| 2. Постигања на учениците | 1. Галина Малезановска<br>2. Билјана Мишева<br>3. Дијана Савеска<br>4. Дивна Стрезовска<br>5. Лепа Михајлова<br>6. Марија Стојаноска<br>7. Моника Кичеец<br>8. Наташа Паункоска<br>9. Никица Мишева<br>10.Ружица Д. Маноска<br>11.Симона Казанџиска<br>12.Соња Евроска |

| | |
|---|---|
| | 13.Златко Петрушевски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Катерина Кузеска<br>2.Александра Димитриеска<br>3. Димитрие Ристески<br>4. Ивана Арнаудова<br>5. Јелена Велјаноска<br>6. Љупчо Тасески<br>7. Марина Шокева<br>8. Наташа Костоска<br>9. Тања Џутески<br>10.Валентина Караѓуле<br>11.Виолета Јанковиќ<br>12.Зоран Старковски |
| 4. Управување и раководење | 1. Јордан Пуроски (директор)<br>2. Валентина Кузманоска<br>3. Мира Смаќоска Танеска<br>4. Драгана Боцеска<br>5. Ана Савин<br>6. Марина Димоска- совет на родители |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постинатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги зидвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели исготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на наставничкиот совет одржана на 27.11.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите на секое подрачје.

| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето: |
| Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По |

спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Директорот и стручната служба ги следат планирањата на наставниците најмалку два пати во годината. Наставниците добиваат поддршка од директорот и од стручната служба при изготвување на планирањата за соодветниот наставен предмет. Наставниците, задачите и активностите на часовите ги прилагодуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците во наставата користат различни ресурси за учење и настава.

Наставниците користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми и ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.

Наставниците сметаат дека на нивните часови учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив. Тие кон учениците се однесуваат со почитување и ги разбираат проблемите и потребите на учениците.

Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности по свој избор.

Наставниците редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати и за вложениот труд.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

На учениците редовно им се посочува што научиле добро, што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.

Учениците од страна на наставниците се запознати со тоа што треба да знаат и умеат за секоја од оцените.

Учениците добиваат насоки како поуспешно да учат.

Наставниците применуваат различни начини на оценување на учениците и учениците редовно се вклучуваат во процесот на оценување (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.) Планот за воннаставни активности, поголем дел од наставниците го изготвуваат заедно со учениците.

Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на

искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Родителите се запознати со листата на изборни и слободни изборни предмети.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

На часовите, учениците имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) Поголем дел од учениците самите ги избираат слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат, според своите интереси. На часовите учениците користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели). Учениците се изјасниле дека наставниците ја прават содржината од предметите интересна. Поделено е мислењето на учениците во однос на нивната активна вклученост во наставата на најголем број од часовите (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи).

Најголем број од испитаните ученици сметаат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари. Поголем дел од учените се изјасниле дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат учениците да учествуваат во различни проекти. Наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаат за секоја оцена. Наставниците им објаснуваат на учениците зошто сум добиле одредена оцена. Испитаните ученици сметаат дека оценувањето на сите ученици е праведно. Наставниците редовно ги известуваат учениците за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување. Наставниците користат различни начини за проверка

на знаењата на учениците (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). Наставниците ги пофалуваат учениците за нивниот труд и за нивните резултати. Ако не знаат нешто на часовите, учениците можат слободно да ги прашаат наставниците. На часовите учениците можат слободно да кажат што мислат. Во училиштето учениците имаат избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, секции). Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по свој избор. Наставниците ги вклучуваат учениците во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. Учениците се вклучуваат во активности заедно со ученици од други култури (од нашето или од друго училиште).

Родителите училиштето го чувствуваат како безбедна и мотивирачка средина за нивните деца.

Родителите редовно се известуваат за постигнувањата на нивните деца/ученици во текот на целата наставна година, не само за полугодие и крај на година.

Родителите имаат можност да разговараат со наставниците за постигањата на учениците.

Родителите не се запознати во целост со тоа кои воннаставни активности (клубови, проекти) ги нуди училиштето. Во тесна врска со претходниот одговор е и одговорот на прашањето колку учениците се вклучени во воннаставни активности според сопствениот интерес. Мислењето кај родителите е поделено.

Силни страни:

- Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците
- Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.
- Задачите и активностите на наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.
- На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.
- Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.
- Најголем број на ставници во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.
- Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување.

| Слаби страни: |
|---|
| - Постојат поделени мислења кај анкетираните ученици во однос на активна вклученост во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи).<br><br>- Поделени се мислењата од наставниците дека планот за воннаставни активности кои го водат, го изготвуваат заедно со учениците.<br><br>• Родителите не се запознати во целост со тоа кои воннаставни активности (клубови, проекти) ги нуди училиштето. Во тесна врска со претходниот одговор е и одговорот на прашањето колку учениците се вклучени во воннаставни активности според сопствениот интерес. Мислењето кај родителите е поделено. |
| Приоритети: |
| • Да се работи со наставниците на активирање на сите учениците и нивно активно вклучување за време на часот.<br>• Настанививиците повеќе да ги вклучуваат учениците во планирање на воннаставни активности.<br>• Иако во училиштето во текот на учебната година има голем број воннаставни активости, клубови, секции, проекти и за истите покрај родителските средби се користи и фејбук страната на училиштето за информирање за истите, родителите се изјасниле дека не се целосно информирани за нив како и за учеството на нивните деца во нив. Затоа како училиште, наш приоритет е изнаоѓање дополнителни начини за поголема информираност на родителите за воннаставните активости во училиштето. |

| Подрачје 2: Постигања на учениците |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето: |
| Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. |

Резултатите од екстерни тестирања делумно задоволуваат. Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати. Резултатите добиени на државното тестирање,студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно.

Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.

Редовноста во наставата е многу добро. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјални работи, Министерство за внатрешни работи и локална самоуправа ( оддел за образование.

Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаа недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.

Силни страни:

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.

- Според извештаите од меѓународното ТИМСС тестирање каде учениците покажаа надпросечни резултати на државен просек , квалитетот на наставата во училиштето континуирано се подобрува
- Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
- Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.
- Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
- Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.

Слаби страни:

- Учениците покажуваат незначително послаби резултати во работа со обработка на податоци.

Приоритети:

- Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат поучувањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето:**

Училишната клима и односите во училиштето се на многу добро ниво, па дури и високо ниво за што сведочат сите докази прибрани при самоевалуацијата. Климата во училиштето придонесува за истакнување и афирмација на истото на локално, државно и меѓународно ниво.

Во училиштето се следи кодексот на однесување и куќниот ред како од учениците, така и од вработените.

Во училиштето се води редовна грижа за поведението и дисциплината, доказ за тоа е уредната педагошка евиденција кај сите одделенски раководители, како и извештаите за работа и справување со ситуации кај стручната служба. Учениците дополнително се мотивирани преку работа на различни активности- од промоција на училиштето до проекти во и надвор од наставата.

Учениците добиваат редовна афирмација за нивните постигнувања со видно истакнување на нивните резултати преку веб страната и во самото училиште.

Во училиштето постои ученички парламент кој функционира и учествува во донесувањето одлуки и решавање проблеми. Парламентот работи според однапред утврден план и програма. Учениците имаат и училишен правобранител кој ги промовира детските права.

Спроведените анкети дополнително го потврдија мислењето дека во нашето училиште се почитуваат правата на децата и дека децата воглавно се запознати со нивните права. Исто така постои и правичен и еднаков третман на сите ученици- истите се чуствуваат безбедно во училиштето, имаат чувство дека можат во секое време да се обратат кај наставниците, раководството или стручните служби за било каков проблем и знаат да препознаат врсничко насилство и знаат каде да се обратат за превенција на истото. Во училиштето активно се работи за спречување на вакви настани и се применува кодексот против насилство.

Училиштето реализира соработка со родители/старатели во повеќе форми и истите вродуваат со плод, бидејќи и родителите сметаат дека во училиштето владее генерално позитивна клима за учење и развивање на нивните деца и простор за нивно (на родителите) вклучување во работата на училиштето.

Соработката на училиштето со општината и урбаната заедница се базира на взаемно партнерство и координација за подобрување на условите за образование. Во училиштето се организираат работилници и предавања за превенција од зависности од страна на стручните соработници, Центар за јавно здравје и Црвен Крст. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците.

Стручната служба е во постојана комуникација со учениците, наставниците и родителите во насока на справување со социо-емоционалните проблеми на учениците и редовно спроведува разговори, работилници со кои водат редовна грижа за психолошкото здравје на учениците.

Во училиштето се води грижа за понатамошното образование на учениците со што им се даваат насоки, се информираат и се спроведуваат ориентации за избор на струка и средно училиште.

**Силни страни:**

-Во училиштето владее позитивна клима
-Се почитуваат кодексот за однесување и куќниот ред од сите засегнати страни.
-Во училиштето им детски парламент и ученик правобранител.
-Училиштето има документација по однос на дисциплината и однесувањето
-Училиштето активно соработува со родителите
- Училиштето соработува со локалната средина
-Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Училиштето организира едукација и работилници за превенција од насилство.
- Училиштето се води според Протоколот за заштита и превенција од насилство

| |
|---|
| - Училиштето во соработка со поединци и институции ги едуцира учениците за здрава исхрана.<br>-Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејства.<br>- Наставниците и стручната служба водат грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.<br>- Училиштето има одлична соработка со родителите.<br>- Учениците се чувствуваат безбедно и пријатно во училиштето.<br>-Училиштето води грижа за хигиената во самата зграда и надвор од неа. |
| **Слаби страни:** |
| - Училиштето води грижа за здравјето на наставниците и учениците, а за учениците редовно се организираат предавања за превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол, но дел од родителите не се информирани за тоа.<br>- Околу прашањето колку родителите се запознати со Протоколот за превенција и заштита од насилство, родителите се изјасниле различно почнувајќи од тоа дека целосно се согласуваат, се согласуваат, не се согласуваат, немаат информации. |
| **Приоритети:** |
| • И покрај редовното информирање за различни активности со учениците преку медиуми и официјалната страна на facebook, дигитална електронска табла, сепак треба да се работи на тоа и поактивно да се информираат родителите за спроведените активности и новитетите во училиштето (донесување нови одлуки, едуцирање по одредени теми и слично). |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето:** |

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.
Најголем дел од анкетираните родители се согласуваат (49%целосно се согласуваат, 38% се согласуваат) дека Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности што се спроведуваат во училиштето. Останатите родители, од страна на претставниците на Советот на родители се информирани за резултатите кои треба да се постигнат во одреден период.

Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Наставниците се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за нејзина реализација.

Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при донесување одлуки.

Има поделени мислења меѓу наставниците околи тоа дали училиштето им го обезбедува

потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.

Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки (во и надвор од училиштето) согласно своите потреби.

Директорот и стручните соработници го следат процесот на настава следејќи најмалку два часа во текот на едно полугодие.

За часовите што се следени наставниците добиваат конструктивна повратна информација.

Наставниците се поттикнати стручно да се усовршуваат. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците.

Несомнено наставниците се соочуваат со потешкотии во делот на планирање и реализирање настава со учениците со посебни образовни потреби. Оттаму произлегува и потребата од обуки за работа со ученици со ПОП.

Најголем дел од учениците се информирана кои активности ги планира училиштето за следниот период.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето.
Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратени книги. Училишната библиотека е достапна за сите ученици. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно распоредот за работното време на библиотекарот.
Во библиотеката има литература на странски и изборните јазици што се изучуваат во училиштето.

Најголем дел од учениците сметаат дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време, но подвоени се мислењата дека училишната библиотека е место каде каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.

Силни страни

- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
- Во последните години многу се вложувало во подобрување на условите во училиштето и опрема и нагледни средства ( смарт табли, компјутери…).

- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
- Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.
- Училишниот одбор транспарентно ги објавува донесените одлуки.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при донесување одлуки.
- Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности што се спроведуваат во училиштето.
- Останатите родители, од страна на претставниците на Советот на родители се информирани за резултатите кои треба да се постигнат во одреден период.

**Слаби страни:**

- Несомнено наставниците се соочуваат со потешкотии во делот на планирање и реализирање настава со учениците со посебни образовни потреби. Оттаму произлегува и потребата од обуки за работа со ученици со ПОП.
- Поделени се мислењата на учениците дали училишната библиотека е пријатна средина за читање и учење.
- Неоградено спортско игралиште во П.У. Далјан

**Приоритети:**

- Обезбедување обуки за наставниците во работа со ученици со ПОП.
- Разубавување и оплеменување на училишната библиотека како би била попријатно катче за читање и учење на учениците.
- Изработка на план за начин на оградување бидејќи имотот каде што се наоѓа игралиштето не е во сопственост на училиштето.

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

- **Мира Смаќоска Танеска**
- **Марина Димоска**
- **Валентина Кузманоска**
- **Маја Маленко**
- **Галина Малезаноска**
- **Катерина Кузеска**

Република Северна Македонија Општинско основно училиште „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ 1 Охрид